

Во периодот од 29.11.2021 год. во времетраење од 5 дена во НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола се реализираше онлајн обука, за курсот „Користење на програмската опрема COBISS3 /Каталогизација - почетен“.

На обуката учествуваа четворица вработени од НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола и вработени од библиотеката од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип. Предавач на овој онлајн курс беше библиотекар-советник Жаклина Ѓалевска од НУБ „Св.Климент Охридски“ - Скопје.

На оваа обука библиотекарите се стекнаа со знаења за работа/користење на програмската поддршка COBISS3, работа во интерфејсот за каталогизација, правење библиографски записи, работа во пребарувачот, прелистувачот и форматот во COMARC/B и како да се креира еден монографски запис. За работа на вежбите на учесниците од нашата библиотека им помагаа Малгожата Мачковска и Гордана Пешевска, библиотекари-советници.

Подготви: Марија Марковска